Маркетинг | Импресум | Контакт

10 ГОДИНИ ВО ЧЕКОР СО ВРЕМЕТО OHRIDNEWS.com информирај се

Home Center
Ул. „Дејан Војвода“ бр 2 наспроти ЕВН

ВЕСТИ СПОРТ ЗАНИМЛИВОСТИ КУЛТУРА ИНТЕРВЈУ ОТВОРЕНА ЖИВОТ OHRIDNEWS TV БАРАЈ

ОГЛАСИ СЕ БАРА ХИГИЕНИЧАРКА ЗА РАБОТА ВО АПАРТМАНИ

# Четиридневен УФО фестивал во Охрид

Вести | Охрид | 17.06.2011 07:30 Посети : 2024




Во периодот од 18-ти до 21-ви Јуни , во Охрид, во организација на Центарот за Културен Проток “АРТерија”, ќе се одржи 4-дневен Уметнички Фестивал “УФО” кој ќе се одвива на отворен простор и опфаќа повеќе видови на уметнчко културни настани.

Изведбите ќе се одвиваат пред Центарот за култура и Библиотека” Григор Прличев“ и дел на градскиот плоштад (и малото пристаниште)

Ова е прв фестивал во Охрид чија програмата опфаќа: цртање на ...графити, проекција на филмови, инсталации, рецитал и музичка поддршка.

Ќе учествуваат млади уметници од државава од повеќе области, а за подетален преглед ви ја доставуваме целосната програма.
За филмските проекции направена е соработка со скопското здружение “Цомпрессор 3КТ”, на која ке учествуваат македонските режисери: Ѓорѓи Јаневски, Иван Ивановски и Јане Алтипармаков.

Отворањето ќе биде со авторски перформанс на АРТерија, „Залепи се!“ (Културна вакцинација) кој воедно претставува визуелно и симболично претставување на групата и нејзините цели.

ПРОГРАМА:

- 18 јуни, Сабота, Градски плоштад:
18 ч. Перформанс „Залепи се!“
АРТерија и музичка група од Државното средно музичко училиште од Струга

- 19 јуни, Недела, Центар за култура:
18-21 ч. Цртање графити: Владимир Трајаноски, Мики Блажески, Илија Богданоски, Незир Керимоски и Петар Стефаноски
21 ч. Перформанс: Даниел Коцев
21.30 ч. Коктел
22 ч. Филмска проекција: Компресор 3КТ
Инсталација: Ален Реџепагиќ и Даниела Илиевска

- 20 јуни, Понеделник, Центар за култура:
18-21 ч. Цртање графити
18-21 ч. Изложба: Кирче Стојоски
21 ч. Перформанс: „Името ми е Владимир Лур“ – Ненад Јолдески и Јован Наумоски
21.30 ч. Коктел
22 ч. Филм проекција: Компресор 3КТ
Инсталација: Ален Реџепагиќ и Даниела Илиевска

- 21 јуни, Вторник:
19 ч. Перформанс: АРТерија

Центарот за културен проток АРТерија од Охрид е здружение на млади ликовни уметници, оформено во декември 2010. Го сочинуваат 15 дипломирани и магистрирани сликари, вајари, графичари, графички дизајнери и фотографи од Охрид. Без оглед на краткиот временски период на постоење , досега успеале да реализираат и остварат не само проекти кои имале за цел претставување на творештвата на членовите од групата , туку и на изложби на млади автори од Р. Македонија и префрлување на веќе реализираните изложби од Скопје во Охрид.

DON PRIMUS
28.10.2017 (сабота)
10:00 часот
Свечено отворање на ДОН ПРИМУС МАРКЕТ
на ул. Прва Македонска Ударна Бригата (ВИДОБИШТА-СТОБЕКС)
НОВО! НОВО! НОВО!




СМЕТКОВОДСТВО КОНСАЛТИНГ
ЈАНКО ТРЕТИ
ул. „Македонски Просветители“ - Т.Ц: Охриѓанка
ТЕЛ. 046 271 497 / 075 406 806

noa LOUNGE & BAR